**Известување за концентрација со која на КФ ФИНАНС, друштво за проценки и финансиско советување, д.о.о, Словенија и г-а Мирослава Пирц, словенија ќе стекнат заедничка контрола над ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о., Словенија**
**(предмет бр. 08-27/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 29.01.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето на заедничка контрола од страна на КФ ФИНАНС, друштво за проценки и финансиско советување, д.о.о, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и г-а Мирослава Пирц, државјанка на Република Словенија, над трговско друштво ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о, со регистрирано седиште на адреса Америшка улица 2, 1000 Љубљана, Република Словенија, преку стекнување на самостојна контрола од страна друштвото КФ ФИНАНС, друштво за проценки и финансиско советување, д.о.о над трговското друштво ИНСУРЕ Инвест, друштво за инвестиции д.о.о , со регистрирано седиште на адреса Врх при Фари 12, 1336 Костел, Република Словенија, а кое поседува 50% од уделите во ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о. Останатите 50% удел во ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о се во сопственост на г-а Пирц.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

КФ ФИНАНС, друштво за проценки и финансиско советување, д.о.о ,е словенечко друштво за проценка на вредност и финансиско советување, со регистрирана приоритетна дејност - консултантски активности во врска со работењето и останато управување (шифра на дејност: 7022). КФ ФИНАНС, друштво за проценки и финансиско советување, д.о.о,е дел од АЛФИ Групата.

АЛФИ Групата е активна првенствено во управувањето со инвестиции и имоти, особено во областите на малопродажбата, наплатата на долгови и други алтернативни инвестиции. АЛФИ Групата врши анализира на (потенцијални) инвестиции и управува со инвестициските фондови, додека самото управување со инвестициите делумно им е доверено на други друштва во групата. Меѓутоа, АЛФИ Групата во моментот нема инвестиции, ниту деловни активности во областа на посредувањето во осигурување во Република Северна Македонија.

АЛФИ Групата гледана во најширока смисла има регистрирано локално присуство преку индиректно зависно друштво и остварува приходи во Северна Македонија преку трговија на големо со играчки, квалитетна детска опрема, детска галантерија и детски текстил.

***Г-а Пирц*** е државјанка на Република Словенија и еден од основачите на ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о.

Г-а Пирц е сопственик на 50% од уделите во основната главнина на ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о, додека друштвото ИНСУРЕ Инвест, друштво за

инвестиции д.о.о е сопственик на останатиот 50% од уделот во основната главнина на ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о, со што г-а Пирц и ИНСУРЕ Инвест, друштво за инвестиции д.о.о имаат заедничка контрола над ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о.

Ниту едно друштво во кое г-а Пирц има удел нема регистрирано зависно друштво, нема деловни активности, ниту пак остварува приходи во Република Северна Македонија.

ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о.е словенечко друштво за посредување во осигурување кое е основано во 2003 година.

ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о.обезбедува сеопфатни услуги на посредување во осигурувањето и управување со ризици за правни лица, создавајќи прилагодени програми за осигурување врз основа на детални анализи на ризиците, потребите и барањата на клиентите ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о. е независен посредник во осигурувањето и соработува со осигурителни и реосигурителни друштва кои се наоѓаат во Република Словенија и странство.

ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о. нема регистрирани зависни друштва и не остварува приходи во Република Северна Македонија.

ИНСУРЕ Инвест, друштво за инвестиции д.о.о е друштво основано во 2024 година, со посебна намена за стекнување на удел во ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о.

ИНСУРЕ Инвест, друштво за инвестиции д.о.о нема оперативни активности на пазарот

Друштвото ИНСУРЕ Инвест, друштво за инвестиции д.о.о нема регистрирано зависно друштво во Северна Македонија и не остварува приходи во Северна Македонија.

Според подносителите на известувањето како релевантни пазари за предметната концентрација би можел да се дефинират: пазар за посредници на производи и услуги во осигурувањето.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

03.02.2025 година
Скопје